# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
# НА ОПШТИНА РОСОМАН

Службен гласник на општина Росоман излегува по потреба Тел.(043)441-331

Службен гласник бр. 5 14.04.2021 година општина Росоман факс(043)441-443

изготвува општинска администрација на општина Росоман

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Службен весник на РМ * бр.5/02) , член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман (*Службен гласник на општина Росоман * бр.7/06 ) , градоначалникот на општина Росоман , донесе

## З А К Л У Ч О К

Се објавува Заклучокот во однос на точка 1 од дневниот ред Разгледување на барање од група членови на Советот на општина Росоман за навремено информирање на надлежните институции за прогласување на елементарна непогода на територијата на општина Росоман ,донесен од Советот на општина Росоман на 49-та седница одржана на ден 13.04.2021 година.

Изработил:Л/С

Бр. 09- 182/4
14.04.2021 година
Р о с о м а н

ОПШТИНА РОСОМАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бранко Јанев с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (*Службен весник на РМ* бр.5/02) и член 9 од Статутот на општина Росоман (*Службен гласник на општина Росоман* бр.7/06) Советот на општина Росоман на 49-тата седница одржана на ден 13.04.2021 година , донесе

# З А К Л У Ч О К

1. Во однос на точка 1 од утврдениот дневен ред на седницата - Разгледување на барање од група на членови на Советот на општина Росоман за навремено информирање на надлежните институции за прогласување на елементарна непогода на територијата на општина Росоман:
   - Се задолжува Комисијата за процена на штети на општина Росоман формирана со Решение бр.08-182/3 од 13.04.2021 година , во рок од седум дена да изврши првична процена за настанатата штета од атмосферската непогода - мраз , што ја зафати територијата на општина Росоман во континуиран период сметано од месец март и посебно во деновите 08,09 и 10 .04.2021 година со минусни температуре до -8 C со што е причинета голема материјална штета на овошните насади во вид на измрзнување и истата да ја достави до Советот на општина Росоман заради продолжување на постапката за прогласување на елементарна непогода на територијата на општина Росоман пред надлежните институции.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на негово донесување , а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман .

Бр. 08- 182 /4
13.04.2021 година
Р о с о м а н

СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Маријонка Печевска с.р

СОДРЖИНА:
БР.1.08-130/1 ОД 13.04.2021 година